Република Северна Македонија
**Министерство за здравство**

Бр. 17-2817/1
27-03-2020 година

До:

**Сите здравствени домови**
**на територијата на Република Северна Македонија**

ПРЕДМЕТ: ЗАДОЛЖЕНИЕ

Почитувани,

Со оглед на новонастанатата состојба кога се очекува епидемијата со Ковид 19 да го достигне својот врв, Министерството за здравство Ве задолжува да организирате Итна Стоматолошка Служба, започнувајќи од понеделник 30.03.2020 година, во сменско работење со почеток на работното време од 08:00 h и тоа:

- Здравствен дом Скопје со Поликлиники Јане Сандански, Ѓорче Петров и Бит Пазар (во три смени)
- Здравствен дом Битола (две смени)
- Здравствен дом Прилеп (во две)
- Здравствен дом Неготино (една смена)
- Здравствен дом Велес (две смени)
- Здравствен дом Тетово (две смени)
- Здравствен дом Охрид (две смени)
- Здравствен дом Виница (две смени)


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk

- Здравствен дом Струмица (две смени)
- Здравствен дом Липково (една смена)
- Здравствен дом Гостивар (две смени)
- Здравствен дом Струга (две смени)
- Здравствен дом Кавадарци (две смени)
- Здравствен дом Радовиш (една смена)
- Здравствен дом Кичево (две смени)
- Здравствен дом Пробиштип (една смена)
- Здравствен дом Крива Паланка (една смена)
- Здравствен дом Пехчево (една смена)
- Здравствен дом Куманово (две смени)

За распоред на вработените во здравствените домови се одговорни раководните лица на здравствените домови во координација со Министерство за здравство. Во изготвувањето на распоредот да биде вклучен целокупниот персонал од областа .

Информацијата за работното време, начинот на комуникација со Итната стоматолошка служба и телефонските броеви на Итната стоматолошка служба мора да се истакнати на видно место пред секоја стоматолошка ординација во мрежата.

Во градовите (општините) каде нема исполнети услови по однос на простор, опрема и кадар истите ќе се организираат во Приватните здравствени установи кои се во мрежата со доктори на стоматологија кои се вработени во истите


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk

Сите други приватни стоматолошки здравствени установи во мрежата со својата опрема и кадар се ставаат на режим на мирување ( од дома) при што се должни да даваат совети на нивните матични пациенти по телефон во работно време кое е наведено за нивната установа и се должни да се вклучат во работата на итните стоматолошки служби доколку се укаже потреба.

- СЕ ПРИМААТ САМО ИТНИ СЛУЧАИ

Партиципацијата на пациентите ќе биде според фондовските цени

- ЛИСТА НА ИТНИ СТОМАТОЛОШКИ УСЛУГИ:

- Силна постојана забоболка (која сама по себе, или со лекови против болка не поминува)
- Акутна инфекција (оток, тешко отварање на уста, зголемена телесна температура)
- Поголеми крварења (кои не сопираат подолг временски период)
- Повреди во подрачје на заби (фрактури) како и други повреди на горна или долна вилица и во оралната празнина)
-

Пред почеток на интервенирањето докторот треба да ја има следната Лична заштитна опрема( ЛЗО), и тоа:

- Заштитен еднократен мантил кој се облекува за секој нов пациент преку „нормалната„ униформа, или по секој пациент да го менувате минимално горниот дел на униформа со чист ( за да се избегне контаминација помеѓу

пациентите,) но и да се самозаштити со нормални, инстиктивни, несвесни допири.

- еднократна заштитна маска, еднократни заштитни ракавици, заштитен визир или заштитни наочари, едноикратна заштитна капа.
- Од како пациентот ги поминал сите процедури и има индикација за работа во услови на пандемија и препорачани мерки од МЗ и ФЗО пациентот седнува на стоматолошкиот стол.
- По сместување и поставување на компреса за еднократна употреба на пациентот задолжително ја испира устата со 1% водород пероксид или 0,2% повидон јод
- Интервенцијата задолжително треба да се извршува без турбина доколку е можно поради превентивна аеросолна трансмисија.
- По завршување на интервенцијата внимателно согласно протоколот за одстранување на ЛЗО се отстранува во местото за медицински отпад.

➢ РЕЖИМ НА РАБОТА ВО ОРДИНАЦИЈА :

- Дневниот распоред на пациенти треба да е со што е можно повеќе време помеѓу нив за да може процедурите на чистење и подготовка на работното место и работниот простор да се завршат во потполност, но и за да се избегне можноста за контакт помеѓу пациентите во ординација во исто време .
- Чекалната треба да е со доволно растојание помеѓу столчињата , но и со адекватно растојание помеѓу администраторот/сестрата и пациентот. Исто така во чекалната не смее да има никакви списанија , брошури и сл. зошто на тој начин е невозможно да се контролира хигиената.


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk

- Обезбедување на принципот „еден пациент во ординација во исто време„ или доколку е неможно обезбедување на растојание од најмаалку 1-2 помеѓу пациентите

- По влегување на пациентот, на самиот влез е неопходно да има на видно место упатство поврзано со симптомите и превенција од Корона инфекција

- Покрај упатството, на влезот во ординацијата треба да има:

    - дезинфекциско средство за обувки на персоналот и пациентите( на пр. доместос или сл.)

    - дезифекциско средство за пациентите, за брза дезифекција на база на алкохол со над 60% алкохол, дезинфекциски марамчиња или слично и услови пациентот пред употреба на дезинфициенсот да измие раце со вода и сапун

    - мерење на температура со термометар (дигитален безконтактен или обичен) доклку пациентот има покачена температура и при повторно мерење по 5 минути од првото мерење му се одлага стоматолошката процедура и се упатува на преглед кај неговиот матичниот лекар)

    - Сигнификантни знаци за можно заразен пациент се благо покачена температура, суво грло, сува кашлица и било кој друг симптом на респираторна инфекција и по мислење на тајванските експерти неможност за држење здив од 10-на секунди без кашлање и непријатности( но кое воглавно може да е применливо кај возрасни пациенти).

    - По брзата дезинфекција пациентот се упатува кај администраторот /сестрата каде ако по телефон не е земена анамнеза му се


Министерство за здравство на
Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk

**поставуваат прашања поврзани со неговото движење, контакти и моментална состојба и пополнува анамнестички прашалник**

- **Ако пациентот даде податок дека има било кој од тие симптоми персоналот треба да е обучен за понатамошна постапка**

- **Во случај да е се во ред, пациентот треба да се упати на стоматолошкиот стол со упатство дека треба да избегнува непотребни допирања по ординацијата .**

**Подготвил:**

**Д-р. Марјан Алабаковски**

**Државен секретар,**

**Д-р Владимир Милошев**